Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 177/0306
11.07 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми јуни 2022 година, врз основа на примена жалба од Агенција за разузнавање на Република Северна Македонија, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на порталот „Флеш Вести“, насловен „Сопругите на Фатмир Битиќи и Ерол Муслиу преку невладиниот систем земале над 600 илјади евра, можно е влијание на владата, тврди Момироски“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16-ти јуни 2022 година, Агенцијата за разузнавање на Република Северна Македонија поднесе жалба за текстот со наслов „Сопругите на Фатмир Битиќи и Ерол Муслиу преку невладиниот системземале над 600 илјади евра, можно е влијание на владата, тврди Момироски“, објавен на 9-ти јуни 2022 година на порталот „Флеш Вести“ (www.flesh.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во член 1 и член 13.

Жалителот вели дека порталот „Флеш Вести“ пренесува изјава на водителот на емисијата „Заспиј ако можеш“, емитувана претходниот ден на Телевизија „Алфа“. Во наводите на жалбата, се посочува дека текстот за кој нема наведено автор, отстапува од Кодексот на новинарите на Македонија и од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите. Жалителот, притоа цитира повеќе членови од Кодексот и Насоките, за кои жалителот смета дека се прекршени, особен во делот дека медиумите треба да известуваат врз основа на факти и да објавуваат точни и проверени информации.

Во овој контекст, од Агенцијата за разузнавање нагласуваат дека порталот не направил обид да дојде до официјална, кредибилна и потврдена информација од институција или друг субјект или лице кое го споменува, а врз основа на законските механизми и можности за пристап и комуникација со средствата за јавно информирање и правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

*„Ова оди во прилог дека порталот намерно презентира само една страна (мислење на новинар, теза или тврдење) а не му е цел да презентира фактичка состојба, заснована и на официјални информации, ставови и изјави и на втората страна“,* се вели во поднесената жалба.

Од Агенцијата за разузнавање сметаат дека евидентно било дека порталот пренел манипулативно обликуван текст, кој се повикувал само на еден извор, а кој во суштина бил мислење на новинар, без докази и факти. Жалителот, меѓу другото, потенцира и дека медиумот ја пренел изјавата на водителот Момировски во емисијата, но не и искажаното мислење на гостинката во емисијата, претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на изнесениот сомнеж на новинарот. Агенцијата забележува и дека порталот „Флеш Вести“ нема импресум и нема наведено уредник.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Флеш Вести“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

*При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Флеш Вести“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28-ми јуни 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие, најнапред, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата констатира дека се работи за текст, кој пренесува изјави на новинар поврзани со потенцијален случај на корупција. Порталот „Флеш Вести“ во текстот цитира наводи на водителот Горан Момировски, искажани во емисијата „Заспиј ако можеш“ на ТВ „Алфа“, во кои се споменуваат двајца високи владини функционери и нивните сопруги.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Текстот несомнено произлегува од јавниот интерес, но порталот не се потрудил да обезбеди целосно објективна и вродостојна информација. Се работи за пренесување сериозни сомнежи, за како што наведува медиумот, „најтежок вид на корупција во врвот на власта“. Новинарскиот производ е еднostран и е во спротивност со основното новинарско правило, да се обезбеди став од сите засегнати страни, што медиумот не го направил. Тоа е спротивно на **член 1** од Кодексот на новинарите, отстапка која е нагласена во насловот и во следните реченици од текстот:

***„Сопругите на Фатмир Битиќи и Ерол Муслиу преку невладиниот систем земале над 600 илјади евра, можно е влијание на владата, тврди Момироски“,***

***„Момироски додаде дека се работи за можеби најтешкиот вид на корупција кое се нарекува трговија со влијание“.***

***„Доколку сопруги на државни високи функционери земале такви пари а Владата имала некаква улога, тогаш дали тука има простор за сомнеж за корупција?, одговорот секако е потврден.“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Комисијата оцени дека медиумот имал доволно време за случајот да ги праша инволвираните страни, со оглед дека порталот ги објавил изјавите на новинарот Момировски наредниот ден.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку преку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Професионалното новинарство налага дека медиумите се одговорни и за искажаното во другите медиуми. Со нивното објавување, таквите содржини добиваат јавност и не ги амнестираат медиумите од одговорност, ако сметаат дека е доволно само да се повикаат или цитираат други медиуми или лица.  Затоа, авторот мора да изрази резерва, воздржаност и сомнеж и да ја провери информацијата колку што може повеќе.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Став на Комисијата за жалби е дека критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа, секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела. Во овој контекст, Комисијата го охрабрува истражувачкото новинарство, особено кога фокус на истражувањата се потенцијални злоупотреби од страна на државни функционери и институции.

Во однос на наводите во жалбата дека во текстот е прекршен и член 13 од Кодексот на новинарите, Комисијата на најде елементи кои упатуваат на прекршување на тој член.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595